→" good luck

boy, mother, father, sister, grandmothers
and grandfather, and you
Slava, and you. boy, and you
little thing vesselina, and you
little thing DIMITAR; AND you
VESKA, AND YOU NAKA, AND YOU LENTCHE,
GOOD LUCK, GOOD LUCK, GOOD LUCK,
Good Luck, GOOD LUCK, GOOD LUCK,
GOOD LUCK ..."



МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА
И МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

**Ве поканувaат на свеченото отворање на 22 април 1994 (петок) во 20,30 ч. во Музејот на современата уметност Скопје**

# Недко Солаков

(1957),бугарски уметник,на некој начин ја оживува легендата за сиромашниот сликар со "божествена" дарба што некој случајно го открива.Тоа се случи на неговата светска промоција на Меѓународното биенале во Истанбул (1992) и на Биеналето во Венеција ("Аперто"),минатата година.Најпознатите светски критичари и списанија посочуваат на неговата особена уметничка појавност. На годинешното Биенале во Сао Паоло тој ќе биде еден од претставниците на Бугарија. Сето тоа открива уметник за кој што се зборува на еден мошне широк географски простор.

Солаков е една од најпровокативните личности на новата генерација бугарски творци(Љубен Костов,Л"чезар Бојаџиев,Ѓорѓи Ружев).Релевантна за неговото творечко битие е хипотеката на реал социјализмот,психички лоцирана и во неговата свест и во неговата потсвест.За да преживее(во тие времиња)тој се засолнува зад хуморот и сатирата,излагајќи карикатури(за кои е и наградуван).Попуштањето на тензијата во системот му овозможува медиумски да го прошири исказот (слики,објекти,инсталации).Но жедта за враќање на чистотата / изворот е негова трајна потреба и во тесна релација со осуштествувањето на идентитетот.

Како најсоодветна форма за уметничка транспозиција на своето глаголиво раскажување Солаков ја смета инсталацијата.Премиерата на проектот "Суеверниот човек" во Музејот на современата уметност Скопје,претставува интертекстуално обмислена поставка,конципирана на два нивоа.Првото подразбира широка амбиентална опростореност во која се движи активниот гледач,а второто се развива на микро план: внимателно исчитување на текстовите легендите,цртежите,предметите...Осознавањето на двата нивоа воведува во полето на личната митологија/магија на авторовиот исказ.Низ игра,комични/духовити опсервации,непосредност и густа наративност,Солаков создава возбудлива сатира-фикција."Секој човек е суеверен",вели самиот автор.Ако сме сите суеверни,иронијата во самото дело се претвора и во автоиронија.Идеалот на Солаков е човек ПРОЧИСТЕН од заблуди и табуи-СЛОБОДНА ИНДИВИДУА.Ако дозволите да бидете "заведени" од таа идеја,застанувате на негова страна,препуштајќи им се на инвентивните досетки во инсталацијата на Солаков.Уште Шекспир рекол дека "Успехот на досетката се наоѓа во увото на оној што ја слуша,а не во устата на оној што ја создава".Атрактивната поставка на "Суеверниот човек"очекува публика со изострен слух.

Соња Абаџиева

Недко Солаков:"Капата на суеверниот човек",1994,текстил,сребро,вез (детаљ од инсталација),слајд:Ангел Цветанов,Софија